**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 135/11**

**Скопје, 20. 02. 2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката - Струмички карневал на општина Струмица за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката – Струмички карневал за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Кирил Јанев, Градоначалник на општина Струмица, до 20.03.2005 година ;
- Зоран Заев, Градоначалник на општина Струмица, од 21.03.2005 година до 31.12.2005 година, и
- Рендевски Јован, член на Организациониот одбор.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 23.12. 2006 до 24.12.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.1.1. Извршени се набавки во износ од 422 илјади денари без спроведена постапка за јавна набавка согласно член 72 од Законот за јавни набавки ( Прилог 1).
Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Градоначалникот да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката – Струмички карневал на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точка 10.1. кај Сметката – Струмички карневал на општина Струмица е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**Скопје, 16.02. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

**СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 1 | 185 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 1,167 | 954 |
| **Вкупно приходи** | | **1,168** | **1,139** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 90 | 43 |
| Стоки и услуги | 3.3.2 | 715 | 963 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.3.3 | 75 | 30 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.4 | 287 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,167** | **1,036** |
| **Вкупно расходи** | | **1,167** | **1,036** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **1** | **103** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **1** | **103** |

**СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1 | 103 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 2 | 10 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3** | **266** |
| **Вкупна актива** | | **3** | **266** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1 | 2 | 10 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 1 | 256 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **3** | **266** |
| **Вкупна пасива** | | **3** | **266** |